**20242404214**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

□□□□

□Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 8, а во врска со член 29, став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 21 ноември 2024 година донесе

**ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС И ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС**

Член 1

Во Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.285/22 и 270/23), во членот 5, ставот (2) се менува и гласи:

„ (2) Коефициентот КС го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамашниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) во износ од:

| Година на примена на овој Тарифен систем t | t | t+1 | t+2 | t+3 | t+4 | t+5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предложена вредност на $K_C$ | 0 | 15 | 30 | 45 | 60 | 75 |

Годината (t) на примена на овој Тарифен систем започнува од 1ви јануари 2025 година.

Член 2

Овој тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а започнува да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 01-2058/1
21 ноември 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.